

Темко Попов(иќ) (1855 – 1929) е македонски национален деец, член на Тајниот македонски комитет и публицист, а потоа и соработник на српската пропаганда и политика. Тој смета дека „најглавна работа е Македонија да се помакедончи.

Темистокли (Темко) Стефанов Попов или Попович е роден во 1855 година во Охрид. Во родното место завршил основно грчко училиште, а потоа и гимназија во Атина. Таму работел во различни православни агенции, како и во редакции на различни весници. Потоа работел како учител во Одрин, бил домаќин на машката егзархиска гимназија во Битола.

По Српско-бугарската војна во 1885 година, Темко Попов заедно со група македонски дејци како Васил Карајовов, Наум Евров, Коста Групчев, Исаија Мажовски, Ѓорѓија Пулевски и др., формираат во Софија Таен македонски комитет за борба против денационализацијата на Македонија.

Прогонети од бугарските власти, но и за да обезбедат поддршка за реализација на својата национална програмам во почетокот на август 1886 година Т. Попов, Н. Евров, К. Групчев и В. Карајовов доаѓаат во Белград. Тие се обраќаат до српската Влада и постигнуваат договор за соработка и помош. Белград го прифаќа барањето за обнова на Охридската архиепископија со своја хиерархија, со свои училишта и учители на македонски јазик (но со српската азбука), како и финансиски да подржи печатење на весник и книшки на тој јазик.

Следната година Темко станал економ во Солунската егзархиска гимназија. Тој ги поттикнувал учениците на солунската гимназија да бараат воведување македонски јазик во наставата. Водач на таканаречените „македонисти“ бил Панто Кондов(ич) од Прилеп. По бунтот, Темко бил прогонет од гимназијата и ги организирал Македонистите да заминат на бесплатно школување во Србија.

На 21 јуни 1887 година Темко Попов ги оформил своите барања: до српскиот конзул во Солун во кои се бара: да се назначат 12 македонски учители по главните градови во Македонија кои ќе предаваат на македонски јазик, да се отвори македонско читалиште во Солун и да се издава еден македонски весник во Солун, а потоа и во Цариград, да се води „неопходната борба“ за „отцепување од Егзархијата и за спогодба со Патријаршијата, односно за решавање на црковно-македонското прашање.

На 9 мај 1888 година му пишал писмо на истакнатиот национален деец, крушевчанецот во Врање Деспот Баџовиќ, во кое меѓудругото вели:

„Нашето наречие, кога можело да диктира на дру ђ ите славјански наречиа, останало најсиромашко и, како питач, да спружит р’ка било на блгарското, било на српското, па и дури на руското!... Вистина, нашево наречие, како најсходно со српското, требит од него да црпит оние речи кои ђ и немат у речникот си, но к’де ни је нашиот речник, к’де се нашите филолози кои да можеет да се

завземеет со овој важен вопрос, т.ј. да ни составеет граматика и дру
ђ
и најнужни учебници, барем за основните училишта? Немај
ђ
и наши филолози, к’де се српските, кои знает нашево наречие и да сочинеет овие елементарни и неопходими кни
ђ
и со такво научно беспристрастие, штото тамо само да употребеет српски, вместо дополнителни, к’де не может да најдеет ма
ђ
едонски речи, а не да се водеет од слеп патриотизам и вместо да составеет ма
ђ
едонски учебници, да сочинеет чисто српски... Да не се лажеме,
**Деспоте, националнијот дух у Ма**
**ђ**
**едонија до такво дередже денеска је стигнал, штото и сам Исус Христос ако слезит од небоно не может да го уверит Ма**
**ђ**
**едонеца оти тој је б’лгарин или србин....**
Затоа ние, драги мој Деспоте, бефме зафатиле уште од лани и дори от олум-лани да препорачаме да се отворет ма
ђ
едонски училишча... Најглавна работа је Ма
ђ
едонија да се пома
ђ
едончит“.

Во 1889 година, четиринаесет години пред објавувањето „За македонцките работи“, тој го напишил текстот за брошурата за политичката ситуација во Македонија „Кој је крив“ на македонски јазик со барање црквата во Македонија „да има узаконено право сама таа да си избира кандидати за митрополити измеѓу својите сограѓани и еднородци, а Патријаршијата само да ји ракоположује и да је нивни врховен духовен началник без да има власт да ји променује или сосем да ји отфрлја без саканје на народот“, додека „во смесените градој и паланки... на нашите општини да им се даде право да си имаат еден свештеник или архимандрит за изврш уенје црковните обреди на мајчинијот ни јазик“.

Овој значаен ракопис останува необјавен, зашто српската пропаганда не можеше да си дозволи таков луксуз и постепено успеа и Темко Попов да го вклучи за својата кауза.

Темко Попов живее во Цариград во периодот од 1908 – 1909 година каде е српски пратеник во Отоманскиот парламент и го издава весникот Цариградски гласник. Подоцна работи во српската допломатска мисија во Атина каде останува до крајот на Балканските војни. Потоа заминува за Србија и во 1918 година бил назначен за кмет на Охрид. Во 1921 година бил назначен за инспектор на земјоселската служба во Битола каде се и пензионира.

Темко Попов умира во 1929 година во Охрид.